# PEDAGOGICAL DOCUMENTATION AND RECORD-KEEPING IN THE EDUCATIONAL SYSTEM OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Gordana Cvetkovska**
Bureau for Development of Education - Skopje, Republic of North Macedonia,
gordanacvetkovska@bro.gov.mk

**Abstract:** The educational system demands a systematic and professional approach to the management of student data, instructional activities, and learning outcomes. Pedagogical documentation and record-keeping extend beyond administrative duties; they constitute the cornerstone of effective governance in the educational process and function as a multi-modal communication tool across diverse formats, consolidating records into a coherent framework that encompasses planning, implementation, monitoring, and evaluation of teaching. The digitalization of education has transformed pedagogical records from traditional paper-based formats into integrated electronic systems, thereby facilitating data accessibility and longitudinal analysis. Nevertheless, these electronic documentation systems exhibit certain functional limitations, while a lack of specialized professional development within schools further hinders their effective utilization and impact on pedagogical practice. Successful implementation requires continuous professional training for educators and robust digital infrastructure. Beyond teacher training, reforms aimed at enhancing standardization, streamlining documentation, and ensuring its appropriate application across all levels of education - from preschool to higher education - are essential.  Such an approach enables more efficient and expedited documentation processes, though the quality and dynamics of these outputs remain contingent upon the specific organizational environment. Educators should regard documentation as a strategic tool for improving instructional quality rather than perceiving it as a mere administrative obligation.
**Keywords:** pedagogical documentation, record-keeping, e-diary, educational impact

# ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РС МАКЕДОНИЈА

**Гордана Цветковска**
Биро за развој на образованието - Скопје, Република Северна Македонија,
gordanacvetkovska@bro.gov.mk

**Резиме:** Образованиот систем бара систематско и професионално водење на податоците за учениците, наставните активности и резултатите од учењето. Педагошката документација и евиденција не е само административна обврска, таа претставува темел за квалитетно управување со воспитно-образовниот процес и начин на комуникација во различни форми при што спојува записи во една целина со кои се бележи планирањето, реализацијата, следењето и евалуацијата на наставата. Дигитализацијата на образовниот процес ја трансформира педагошката евиденција од класична хартиена форма во електронски систем за евиденција кој го олеснува пристапот до податоците и нивна анализа. Електронските системи за документирање покажуваат одредени ограничувања, а недостигот на соодветни обуки во училиштата дополнително го намалува нивното ефективно користење и влијание врз педагошката практика. Успешната примена бара континуирана обука на наставниот кадар и солидна дигитална поддршка. Покрај обуките за наставниците, потребни се и реформи за подобрување на стандардизацијата, поедноставување на документацијата и нејзина соодветна примена започнувајќи од предучилишното, па сѐ до високото образование. Со примена на овој пристап се овозможува поефикасно и побрзо креирање документација, при што динамиката и квалитетот на изработка зависат од видот и карактеристиките на работната средина. Наставниците треба да ја користат документацијата како алатка за подобрување на квалитетот на наставата, а не да ја сметаат за администативна обврска.
**Клучни зборови:** педагошка документација, евиденција, електронски дневник, влијание

## 1. ВОВЕД

Педагошката документација и евиденција и начинот на нејзиното водење е законска обврска на училиштата и на наставниците во РС Македонија. Според Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука (Министерство за образование и наука, 2026) и подзаконските акти (Министерство за образование и наука, 2026) на Министерството за образование и наука

(понатаму: МОН), училиштата се должни да водат главни книги за учениците, електронски дневник (е-дневник), портфолија за учениците, педагошки досиеја, документација за оценување, документација за матура и за завршни испити, интерни и екстерни проверки, практична настава, записници и извештаи за воспитно-образовната работа. Во 2010 година за модернизација на образованието, МОН и Бирото за развој на образованието воспостави систем за управување со информации од областа на образованието (ЕМИС) како вовед на електронскиот дневник (е-дневник) со цел да се подобри комуникацијата помеѓу наставниците и родителите, овозможување брз и едноставен увид во информациите од страна на наставниците како и намалување на административното оптоварување. (Стратегија за образованието 2018-2025, 2026) Според истражувањето на Бошковска, цитирам: „Од анализата на одговорите на анкетата за наставниците добивме сознание дека е-дневникот им одзема доста време на повеќето наставници (65%) со што ја потврдуваме втората хипотеза дека Е-дневникот прилично ја администрира наставната работа и им одзема доста време што би можеле да го користат во подготовки за покреативна настава.“ (Бошковска, 2022) Оваа хипотеза го отсликува административното оптоварување на наставниците, меѓутоа образованиот систем бара систематско и професионално водење на податоците за учениците, наставните активности и резултатите од учењето. Педагошката документација и евиденција не е само административна обврска, таа претставува темел за квалитетно управување со воспитно-образовниот процес. Според УНЕСКО, цитирам: „Планирањето, имплементацијата и следењето можат да имаат корист од поддршката на цврсти, повеќеслојни партнерства кои ги обединуваат сите клучни учесници, чии активности и потенцијален придонес се наведени подолу. Партнерствата на кое било ниво мора да се раководат според принципите на отворена, инклузивна и интерактивна политика на дијалог, пропратена со заемна одговорност, транспарентност и синергија. Соработката мора да започне со активно вклучување на семејствата и заедниците за да се подигне нивото на транспарентност и да се обезбеди гаранција за добро управување на училишната администрација. Повисокиот степен на одговорност на училиштата би можел да ја зголеми ефикасноста во испорака на услугите.“ (UNESCO, 2016) Значи, квалитетното документирање и евидентирање во образованието придонесува за поголема транспарентност, одговорност и соработка на сите чинители кои учествуваат во континуираното унапредување на воспитно-образованиот процес. Според Какана и Глумпу, цитирам: „Континуираниот процес на истражување им дава можност на практичарите за длабока анализа на начинот на кој учат децата, за тоа што изучуваат, како и да воочат на кој начин децата се поврзуваат со сопствената средина и што мислат за неа (Fleet 2017; Stacey 2023).“ (Domna (Mika) Kakana and Alexandra Gkloumpou, 2025) Целта на овој труд е да понуди проширена теориска анализа, разгледување на нормативите, практиките и предизвиците во образованието во РС Македонија.

## 2. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Во различни земји педагошката документација се применува на различен начин, меѓутоа секаде се почитува нејзиниот придонес во процесот на градење на принципите и целите на образовната политика. Таа претставува систем што спојува записи (пишани и електронски) во една целина со кој се бележи планирањето, реализацијата, следењето и евалуацијата на наставата. Овој процес претставува циклус на набљудување, рефлексија, докажување и донесување одлуки. Всушност, документацијата претставува начин на комуникација во различни форми. Во својот докторски труд, Мекормак ја дава следнава дефиниција за педагошката документација, цитирам: „Педагошката документација се смета за одамна воспоставена практика во областа на рано детско образование и грижа (ОДР), која извршува повеќекратни функции за децата, родителите, едукаторите и креаторите на образовните политики. Истовремено, таа претставува неисцрпно истражувачко поле со богата збирка на научни трудови и литература; сериозна проблематика што наметнува бројни предизвици во практичната примена; и извонредна алатка што овозможува увид во педагошкиот и образовниот процес. Целта на оваа студија е да ја разгледа документацијата од поинаков агол, наместо да се фокусира кон она што таа претставува, акцентот е ставен врз начинот на кој таа делува.“ (McCormack, 2022) Во меѓународната литература, документацијата се смета како образовна алатка за рефлексија, професионален развој и подобрување на квалитетот на наставата и на наставникот му овозможува:

- да го следи индивидуалниот развој и напредок на секој ученик,
- да оценува објективно или да прави евалуација на постигнувањата,
- подобро да ја планира наставата во образовниот процес,
- да прави самоевалуација,
- подобрување и квалитетна надградба на наставните стратегии,
- успешна примена на наставните стратегии и квалитетот и/или подобрувањето на работата,
- да ја подобри соработката со колегите, родителите и институциите,

- да им дава поддршка на колегите, родителите и институциите и
- унапредување на квалитетот на образованието.

Кратко кажано, педагошката документација претставува „писмена трага“ за сите активности во воспитно-образовната работа. Во трудот за педагошката документација, Мекдоналд го дефинира следново: „Педагошката документација ја разгледала оваа проблематика како чин на трансформација во партиципативниот професионален развој (de Sousa, 2022); ги посочила предизвиците поврзани со имплементација на Програмскиот развој (Yılmaz et al., 2021); го нагласила значењето на комуникацијата меѓу родителите и наставниците во врска со Програмскиот развој (Chng, Waniganayake, & Andrews, 2022) и обрнала внимание за злоупотреба на педагошката документација кога таа се користи како инструмент за да се прикаже нејзината усогласеност со наставната програма (Giamminuti, Merewether, & Blaise, 2022).“ (MacDonald, 2024) Односно, според Какана и Глумпу, цитирам: „Педагошката документација ја поддржува двонасочната комуникација...“ (Domna (Mika) Kakana and Alexandra Gkloumpou, 2025). Документацијата претставува систематски осврт на практиката и поддршка за наставниците во нивната работа со цел да се обезбеди прегледност и продлабочено согледување на случувањата во изминатите денови или седмици. Најчесто се појавуваат предизвици во моментот кога практичарите, без оглед на нивното искуство, пристапуваат кон систематско документирање на работата на учениците со цел да обезбедат валидна и аргументирана презентација на наставната практика. Овој предизвик го посочуваат Какана и Гклумпу во својот труд, цитирам: „Едно од критичните прашања е како семејствата и едукаторите ќе се договорат меѓусебе околу улогите и очекувањата.“ (Domna (Mika) Kakana and Alexandra Gkloumpou, 2025). Затоа на практичарите (наставниците) им е тешко да разграничат во кои сегменти постои суштинско совпаѓање, а во кои разидување, помеѓу современата педагошка теорија и пракса со законската рамка. За овој проблем Бучевиќ и Токиќ во својот труд укажуваат дека, цитирам: „Имајќи предвид дека станува збор за темелни прописи што ја регулираат работата на воспитно-образовните институции и имаат директни импликации врз квалитетот, нивната меѓусебна усогласеност, како и усогласеноста со современата педагошка теорија, претставува суштинска неопходност. Современите толкувања на педагошката теорија и практика мора да го пронајдат своето место во креирањето на современа законодавна рамка што се постигнува преку континуирано усогласување и осовременување на истата рамка.“ (Petra Bučević, Ida Somolanji Tokić, 2021)

## 2.1 ФОРМИ НА ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

Наставниците, во согласност со законските норми, потребно е да водат педагошка документација и евиденција во различни форми:
- педагошко-дидактичка документација или планирање (годишна програма за работа, годишно и тематско планирање на наставата во согласност со наставните планови и програми, индивидуални образовни планови, професионални планови и планови за развој),
- евиденциска документација или евидентирање (електронски дневник, евиденција на часовите, евиденции за оценување, класификација на оценки, списоци и слично за следење на напредокот и евиденција на изостаноците),
- документација за оценување и следење на усвоеното знаење на учениците (извештаи за постигнатиот успех, поведението и оценувањето на секој ученик, педагошки досиеја за учениците, ученички портфолија, досиеја за учениците со посебни образовни потреби, записи за напредокот и/или анализи за постигнувањата на учениците),
- евиденција за меѓусебна соработка (записи од родителски средби, електронска комуникација, реализирани проекти и активности),
- документација за училишната организација или евалуација (записници од наставнички совети и стручни активи, извештаи за самоевалуација на наставниците и/или училиштето, извештаи за годишната програма, индивидуални образовни планови и документација од стручните служби) и
- административна документација (различни видови коресподенција и сл.).

Според, Мекдоналд и Хил, цитирам: „Се утврди дека, наставниците од основно образование вклучени во програмата „Постдипломски студии за учење во раното детство“ ја примениле педагошката документација во различни ситуации; за да се прилагодат кон интересите и искуствата на децата, за паралелно да го преиспитаат сопствениот и детскиот пристап кон учењето и градење смисла за кажаното, како и за размена на идеи и искуства со заедницата.“ (Margaret MacDonald and Cher Hill, 2018) Дигитализацијата на образовниот процес ја трансформира педагошката евиденција од класична хартиена форма во електронски систем за евиденција, кој го олеснува пристапот до податоците и нивна анализа. Со примена на овој пристап се овозможува поефикасно и побрзо креирање документација, при што динамиката и квалитетот на изработка зависат од видот и карактеристиките на работната средина. Ваквиот модел на работа придонесува

за оптимизација на административните процеси и рационално користење на времето во воспитно-образовниот процес. Наставниците добиваат можност да користат современи апликации за изработка и управување со дигитална документација што овозможува систематизирано евидентирање и електронска дистрибуција на информации за учениците до нивните родители и надлежни институции. Употребата на овие апликации придонесува за унапредување на визуелниот и графичкиот дизајн на документацијата со што се подобрува нејзината прегледност, уредност, стандардизација и професионална изработка. На овој начин, дигиталната документација не само што ја подобрува функционалноста на образовниот процес туку, го зајакнува институционалниот кредибилитет и го подобрува квалитетот на комуникација меѓу сите учесници. Според Стејси, цитирам: „Веројатно најголемата вредност на една темелна, добро подготвена документација е тоа што: без оглед на нејзината форма и содржина, таа предизвикува реакција - кај другите наставници/едукатори, семејствата/родителите и кај самите деца. Квалитетно изработената документација поттикнува рефлексија/критичко размислување и дијалог. Исто така, таа побудува/иницира одлуки/решенија за креативен развој на наставната програма и понатамошни истражувања. Документацијата нè поврзува со активностите на децата, нè зближува и меѓусебно и со пошироката заедница. Како едукатори/наставници, со неа излегуваме од изолација и ги споделуваме нашите идеи, дилеми, воодушевувања и постигнувањата на децата.“ (Stacey, 2015) Педагошката документација не претставува само прост приказ на информации, таа нуди целосен увид во секојдневните активности во училницата и може на позитивен начин да влијае врз учењето на учениците и работата на наставниците, со што ќе придонесе за развој на наставната програма. Според студијата на Булду, Шахин и Јилмаз, едно од нивните согледувања гласи, цитирам: „Педагошката документација позитивно влијаеше врз активното вклучување на децата во процесот на учење, ја зголеми мотивацијата за учење, ја подобри самоевалуацијата и ја подигна свеста за учење.“ (Mehmet Buldu, Figen Şahin, Arif Yılmaz, 2018)

**2.2 ФУНКЦИИ НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА**

Педагошката документација има:
- образовна функција или позитивен развој на наставниот процес,
- дијагностичка функција или детално следење на индивидуалниот развој,
- информациска и информативна функција или непосредна комуникација меѓу наставник, родител, стручна служба и ученик, како и обезбедување податоци и училишната организација,
- правна функција или официјален документ во согласност со законите и правилниците како доказ за спроведување на законските обврски,
- истражувачка функција или базичен извор за педагошка анализа и истражување, практична основа за квалитативна стручна анализа и научни студии,
- евалуациска функција или оценување на квалитетот на училиштето,
- контролна и управувачка функција за проверка на усогласеност со наставните стандарди и
- дијагностичко-развојна функција или поддршка на индивидуалната проценка и напредок на учениците.

Педагошката евиденција има повеќекратни функции:
- планирачка - за структурирано организирање на наставата,
- контролна - за следење на реализацијата на наставните содржини,
- евалуациска - за проценка на ученичките постигнувања и
- информативна - за обезбедување податоци за родителите, институциите и надлежните органи.

Целта е родителите и другите учесници во образовниот систем да го разберат процесот на учење при што наставниците се обидуваат да го направат видлив. Понекогаш се потценува длабочината на рефлексијата што е вклучена во тој процес. Практичарите (наставниците) кои работат во преполни училници едноставно не можат да постигнат да ги соберат или состават потребните докази, фотографии, траги од работата на учениците и белешките што се потребни за комплетна (богата) документација. Кога размислуваме за циклусот на: истражување, набљудување, размислување, документирање, споделување и одговарање, можеме да забележиме дека една од целите на педагошката документација е да ги поттикне учесниците во образовниот систем за понатамошно истражување и анализа на документираната работа. Квалитетното педагошко евидентирање директно влијае врз: подобриот увид во постигнувањата на учениците, планирањето на индивидуализираната настава, транспарентното оценување, примена на инклузивните практики, професионалниот развој на наставниците и редовна самоевалуација на училиштето. Систематското евидентирање на резултатите од оценувањето ја подобрува правичноста и транспарентноста во образованието.

Клучни принципи на педагошката документација се:
- точност - податоците треба да бидат веродостојни и проверливи,

- навременост - документацијата да се внесува редовно, а не ретроактивно (континуиран, навремен и редовен внес на податоците),
- конзистентност - следење единствен систем и стандарди,
- функционалност - документите треба да служат за подобрување на практиката, а не само за администрација и
- етичност и доверливост - целосна заштита на податоците при работа со чувствителни информации за учениците.

**3. УЛОГАТА НА НАСТАВНИКОТ И СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ВО ВОДЕЊЕТО ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Главен носител на процесот за водење педагошка документација е наставникот кој е одговорен за планирање, реализирање, евидентирање, водење, следење, оценување, комуницирање и евалуација на наставниот процес. Стручните служби педагошката документација ја користат за: креирање педагошко-психолошки профил, дијагнози и интервенции кај учениците, изработка на планови за поддршка, следење на учениците и за консултации со родителите и наставниците. Со помош на систематското документирање, наставникот може да ги следи индивидуалните потреби на учениците и да креира ефективни стратегии за подобрување на нивните постигнувања. На тој начин наставниците се развиваат како лица кои треба да ја совладаат и унапредат секоја вештина поврзана со документирањето. Во услови на реформи, дигитализација и зголемена отчетност, прецизното водење на педагошката документација претставува темел и гаранција за транспаретност, како и значаен инструмент за квалитетен професионален развој на самите наставници. Многу е важно да се совлада начинот на документирањето, да се разбере што претставува податок за педагошка документација, а што не припаѓа таму, како и да се согледа нејзината голема вредност за наставниците, учениците и родителите. Успешната примена бара солидна дигитална поддршка и континуирана обука на наставниот кадар. Овој процес започнува со едноставни чекори кои постепено се трансформираат во софистицирана педагошка практика. Поради тоа, наставниците треба да се движат низ следните вештини за документирање и да ги развијат следниве вештини и компентенции: навика за документирање, стекнување чувство на удобност при јавното прераскажување на активностите, визуелна писменост, целта на документирањето како видливо учење, споделување видливи теории за цели на толкување и дизајн на наставната програма.

**4. ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРАКТИЧНАТА ПРИМЕНА**

Иако педагошката документација има значајна улога во образовниот процес, нејзината ефективна примена често се ограничува поради административното оптоварување на наставниците, недоволната флексибилност, недостатокот на стандардизација, ограничената дигитална писменост, нереалното оценување и формалното водење на документацијата. Електронските системи за документирање покажуваат одредени ограничувања, а недостигот на соодветни обуки во училиштата дополнително го намалува нивното ефективно користење и влијание врз педагошката практика. Според истражувањето на Бошковска, наставниците посочиле дека хартиениот дневник дава подобар увид во податоците иако не е истражено и докажано колкав процент од наставниците се подготвени да покажат флексибилност во наставниот процес, ниту колку од нив се дигитално писмени, цитирам: „И дефинитивно наставниците во поголем процент сметаат дека покорисен е хартиениот дневник, кој им е полесен за работење, побрз и попристапен за учениците и родителите на закажани состаноци и дискусии за учениците.“ (Бошковска, 2022) Иако постојат правилници за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во училиштата, праксата покажува значителни разлики меѓу училиштата во однос на начинот и пристапот при водењето на документацијата. Документацијата често се води поради формало исполнување на обврските, наместо да служи за анализа, дијагностика и педагошко подобрување. Формалното пополнување на педагошката документација без нејзина реална употреба ја намалува нејзината педагошка вредност, ограничувајќи ја креативноста и флексибилноста во наставниот процес. Каде што ја компромитира нејзината валидност, бидејќи наставниците често ја пополнуваат документацијата „само за да биде пополнета“ и тоа без доволно релевантни податоци. Преголемото административно оптоварување дополнително ја намалува мотивацијата кај наставниците, времето посветено на индивидуална работа со учениците и ги редуцира можностите за професионално усовршување. Паралелно недостигот на техничка поддршка и ограничените дигитални вештини ја отежнуваат ефективната примена на документацијата. Во услови на недоволна дигитализација доминира хартиената документација што доведува до дополнителна потрошувачка на материјали и време, како и ризик од губење на документи. Според моето истражување на студиските програми на факултетите за педагошко-психолошка и методска подготовка во Македонија, основа за појава на сите овие предизвици е тоа

што не постои самостоен предмет со називот „Педагошка документација“. Студентите кои студираат на студиските програми на факултетите за педагошко-психолошка и методска подготовка имаат можност да изучуваат само теми поврзани со педагошката документација, евиденција и водење на педагошките процеси кои се интегрирани во неколку предмети и практични активности. На пример, на Педагошките факултети се интегрирани во предметите: Педагошка комуникација, Педагошка практика, Дидактика, Педагошка психологија, Училишна педагогија, Педагошки стаж итн. Иако студентите ги изучуваат овие предмети, сепак, водењето на педагошката документација и евиденција претставува голем проблем и за наставникот и за стручниот соработник при првото вработување во основно, односно средно училиште како наставник-приправник, како и за искусниот наставник-практичар.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Педагошката документација и евиденција претставуваат темел и суштински механизам за следење, планирање и унапредување на образовниот процес. Тие претставуваат неизоставна компонента на современото образование. Овозможувајќи систематско следење на ученичкиот развој, подобро планирање на наставата, квалитетна настава, транспарентно оценување, професионална соработка, инклузивна поддршка, евалуација на постигнувањата и стратешки развој на воспитно-образовниот процес со потенцијал за развивање на образовните политики. Теоретските согледувања укажуваат дека, ако документацијата се води функционално и според јасни стандарди, нејзината улога се трансформира од формален бирократски процес во моќна алатка за анализа, следење и унапредување на квалитетот на наставата. Сепак, во практиката педагошката документација ретко се користи за анализа, рефлексија или донесување педагошки одлуки што ја претвора од потенцијално корисна алатка во формален товар. Дополнително, различните стандарди меѓу училиштата, ограничените дигитални вештини и недоволната функционалност во праксата ја отежнуваат нејзината ефективна примена. Клучот за оптимизирање на овој процес лежи во рационализацијата, дигитализацијата и функционалната употреба на педагошката документација. Континуирани обуки за наставниците и подобрената стандардизација ќе го унапредат процесот и ќе придонесат документацијата да се користи како вистински показател за напредокот и квалитетот во образованието. Во македонскиот образовен систем се направени значајни чекори кон дигитализација, но потребна е понатамошна поддршка и професионален развој на наставниците за документацијата да прерасне во средство за нивно унапредување, да ја користат како алатка за подобрување на квалитетот на наставата, а не да ја сметаат за администативна обврска. Можеме да заклучиме дека покрај обуките за наставниците, потребни се и реформи за подобрување на стандардизацијата, поедноставување на документацијата и нејзина соодветна примена започнувајќи од предучилишното, па сè до високото образование. Од овде произлегува и идејата за воведување посебен предмет во студиските програми на факултетите за педагошко-психолошка и методска подготовка посветен на изучувањето, улогата, значењето и примената на педагошката документација и евиденција.

**ЛИТЕРАТУРА**

Domna (Mika) K., & Gkloumpou, A. (2025). Pedagogical Documentation as a “Bridge” Between Parents and the Early Childhood Curriculum. *Social Sciences, 14*(7), 1-20. Retrieved from https://doi.org/10.3390/socsci14010007

Buldu, M., Şahin, F., & Yılmaz, A. (2018). Exploring the Contribution of Pedagogical Documentation to the Development and Learning of Young Children from Teacher Perspective. *Elementary Education Online, 17*(3). Retrieved from https://ilkogretim-online.org/index.php/pub/article/view/766/738

Bučević, P., & Somolanji Tokić, I. (2021). PEDAGOŠKA DOKUMENTACIJA I ZAKONODAVNI OKVIR RANOG I PREDŠKOLSKOG ODGOJA I OBRAZOVANJA U REPUBLICI HRVATSKOJ. (F. F. SPLITU, Ur.) *Školski vjesnik, Vol. 70*(1). Dohvaćeno iz https://www.ffst.unist.hr/images/50028261/P.-Bucevic-I.-Somolanji-Tokic-Pedagoska-dokumentacija-i-zakonodavni-okvir.pdf

MacDonald, M. (2024). Leveling up to honour ethical relationality: pedagogical documentation as methodological entanglement. *EDUCATION INQUIRY*. Retrieved from https://doi.org/10.1080/20004508.2024.2341529

MacDonald, M., & Hill, C. (2018). The Intersection of Pedagogical Documentation and Teaching Inquiry: A Living Curriculum. *LEARNing Landscapes, Vol. 11* (No. 2). Retrieved from https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1245421.pdf

McCormack, M. (2022). *A thesis submitted in partial fulfilment of the requirements for the degree of Doctor of Education*. (T. U. Sheffi, Editor) Retrieved from https://etheses.whiterose.ac.uk/id/eprint/33186/1/Master%20draft%20-%2023.6.2023.pdf

Stacey, S. (2015). *Pedagogical documentation in early childhood : Sharing children's learning and teachers' thinking.* Retrieved from

https://www.earlychildhoodeducator.com/static/downloads/Pedagogical_documentation_in_early_childhood.pdf

UNESCO. (2016). Education 2030 Framework for Action. Paris, EU. Retrieved from https://campaignforeducation.org/images/downloads/f1/245/education2030-framework.pdf

Бошковска, В. (2022). ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНОЛОГИЈА ПРИ МЕНАЏИРАЊЕТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО. *KNOWLEDGE – International Journal, Vol.50*(2), стр. 243-245. Повратено од https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/4932/4916

*Министерство за образование и наука*. (2026, март 5). Повратено од https://mon.gov.mk/: https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/zakoni

*Министерство за образование и наука*. (2026, март 5). Повратено од https://mon.gov.mk/: https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici

*Министерство за образование и наука*. (2026, март 5). Повратено од https://mon.gov.mk/: https://mon.gov.mk/mk-MK/dokumenti/strateski-dokumenti